ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 483, 485 и 420 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 29.3.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2023 година, во износ од 105.202.945 денари, се распределува на:

1. Дел за резерви МКД 919.657

2. Дел за дивиденда во бруто-износ МКД 104.283.288

2.1 Дел за распределба на дивиденда во акции на акционерите на Банката сразмерно на нивното учество во основната главнина на Банката, преку зголемување на основната главнина по пат на издавање нова емисија акции МКД 67.589.000

2.2 Дел за исплата на дивиденда во пари на платежни сметки на акционери МКД 32.439.732

### Член 2

Расположливата добивка остварена од работењето на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година ќе се употреби за исплата на дивиденда, дел во акции и дел во пари на платежни сметки на акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина на ТТК Банка АД Скопје.

### Член 3

Издадените акции од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собранието на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Делот за исплата на дивиденда за 2023 година предвиден во точка 2.2 од член 1 од оваа одлука, што ќе се исплаќа во пари (на платежни сметки на

акционерите), ќе биде исплатен по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно по уписот на новата емисија акции во Централниот депозитар за хартии од вредност, а најдоцна до 30.9.2024 година.

**Член 4**

Датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 27.3.2024 година.

**Член 5**

Средствата наменети за дел од плата и награди на членовите на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените по основ на деловна успешност кои во Годишната сметка за 2023 година во согласност со МСС 19 се вкалкулирани како трошок во износ од 4.026.731 денари се распоредуваат на следниов начин:
- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија што се исплатува;
- Дел за плата по основ на деловна успешност на менаџментот и вработените.

Одборот за наградување на членовите на Надзорен одбор и на Одборот за ревизија, Надзорниот одбор и Управниот одбор со посебни одлуки утврдуваат начин на распределба на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор, Одборот за ревизија, Управниот одбор, менаџментот и вработените.

**Член 6**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на оваа одлука.

**Член 7**

Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

_____________________________

## О б р а з л о ж е н и е

**кон Предлог - одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година**

Како резултат од работењето во 2023 година, ТТК Банка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 117.439.430 денари. По одбивањето на данокот на добивка во износ од 12.236.485 денари, останува добивка по оданочување во износ од 105.202.945 денари.

Во согласност со член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери одлучува за распоредување на добивката, при што во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката.

Се предлага износот на нераспределената добивка од 105.202.945 денари да се распредели дел за резерви, а дел за распределба на дивиденда во акции на акционерите на Банката сразмерно на нивното учество во основната главнина на Банката, преку зголемување на основната главнина по пат на издавање нова емисија акции и дел во пари на платежни сметки на акционерите.

1. Во согласност со член 485 од Законот за трговски друштва Банката е должна да издвојува минимум 5 % од добивката за општ резервен фонд сè додека резервите не достигнат износ што е еднаков на една десеттина од основната главнина. Бидејќи резервите на Банката се повисоки од една десетина од основната главнина, се предлага Банката да одвои средства за резерви во износ од 919.657 денари.

2. Во согласност со член 420 од Законот за трговските друштва зголемувањето на основната главнина може да се врши и од средства на друштвото преку издавање нова емисија хартии од вредност – акции. Со оваа одлука се предлага Банката да издаде нова емисија акции во бруто-износ од 76 денари по акција или износ од 67.589.000 денари, што е во согласност со стратешките определби на Банката за зголемување на вредноста на капиталот преку политика на издвојување дел од нето-добивката за зголемување на основната главнина и претставува понатамошно зголемување на нивото на вкупен капитал заради понатамошен раст на Банката.

3. Дел за исплата на дивиденда во пари на акционери во бруто-износ од 32 денари по акција и на поединечни акционери кои според висината на номиналната вредност од една акција и ограничувањата на регулаторните тела не можат да се стекнат со акции од новата емисија на акции.

Во членот 3 на оваа одлука се дефинира начинот и времето на кои издадените акциите од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците како и начинот на исплата на дивидендата што ќе се исплаќа во пари.

4. Во согласност со МСС19 во Годишната сметка за 2023 година е вкалкулиран трошок за исплата како дел од плата и награда по основ на деловна успешност на членовите на Надзорниот одбор и членовите на менаџментот и вработените во висина од 4.026.731 денари. Распределбата на средствата на поединечните членови на Надзорниот одбор, Одборот за ревизија, Управниот одбор, менаџментот и вработените со посебни одлуки го утврдуваат Одборот за наградување на членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија, Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката.

Скопје, 27.2.2024 г. **НАДЗОРЕН ОДБОР**